ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2016

НУ АРХЕОЛОШКИ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА

СОДРЖИНА :

АРХЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА 3

ПРИВРЕМЕНИ ИЗЛОЖБИ 4

ЕДУКАТИВНА АКТИВНОСТ 6

КУЛТУРНИ НАСТАНИ 7

КОНЗЕРВАЦИЈА 8

ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ 9

ОПШТЕСТВЕНА ПОДДРШКА 10



















АРХЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА:

НУ Археолошки музеј на Македонија, како најголема и матична археолошка установа во државата успешно реализираше 12 археолошки проекти, на 8 локалитети во 6 градови низ целата Р. Македонија. Оваа бројка не ги опфаќа проектите *Археолошки катастар* и *Антички храмови и светилишта* кои одделно опфатија истражување и документирање на неколку десетици археолошки локалитети и наоѓалишта низ десетина градови низ државата.

- Меѓународно археолошко истражување на локалитет Градиште-Атигонеја-Неготино/во соработка со University of Gdańsk од Гданск, Полска;
- Меѓународно археолошко истражување на локалитет Големо Градиште, с.Коњух–Кратово/ во соработка со Gettysburg College од Гетисбург, Пенсилванија, САД;
- Археолошко истражување на локалитет Исар, с.Марвици- Валандово;
- Археолошко истражување на локалитет Мали Дол, с. Тремник – Неготино;
- Археолошко истражување на локалитет Китино Кале-Кичево;
- Археолошко истражување на локалитет Маркова Кула, с. Корешница- Демир Капија;
- Проект-Антички храмови и светилишта во Р. Македонија;
- Проект-Археолошки Катастар на Р. Македонија;
- Проект-Финализирање, заштита и промоција на археолошкиот музеј под отворено небо на неолитското село Тумба, Маџари-Скопје;
- Проект-Тековно обезбедување и одржување на археолошкиот музеј под отворено небо на неолитското село Тумба, Маџари-Скопје;
- Проект-Специјалистички анализи (ESR, TL, AMS) за апсолутно датирање на наодите и геолошкиот профил од палеолитскиот локалитет Голема Пешт, с.Здуње-Скопје;
- Интердисциплинарни истражувања на локалитет Големо Градиште, с. Коњух, Кратово.

ПРИВРЕМЕНИ ИЗЛОЖБИ:

Оваа година, НУ Археолошки музеј на Македонија ја организираше единствената археолошка изложба надвор од границите на Р. Македонија, како што тоа го прави веќе трета година по ред. Најпрво, нашето културно богатство беше прикажано во Манхинг - Р. Германија, па во Софија - Р. Бугарија, а оваа година Р. Македонија беше претставена преку изложбата *Накитот низ вековите од Република Македонија* во Gallery MC-Њујорк, САД. Освен тоа, Музејот веќе договори и нова меѓународна изложба во Ashmolean Museum во Оксфорд, Англија, веќе наредната година. Истата, со работен наслов *Империите на верувањата...* ќе биде една од најголемите изложби во Европа за 2017 година, во која ќе учествуваат Македонија, Франција и Англија.

Традиционално и оваа година, нашиот Музеј беше домаќин на Годишната археолошка изложба *Капитални проекти во археологијата на Република Македонија (2006-2016),* на која освен како домаќини земавме и директно учество во изложбата преку презентација на наодите од локалитетот Исар, с. Марвинци-Валандово и проектот Археолошки катастар кој обедини истражувања и документирања на десетици локалитети низ државата.

НУ Археолошки музеј на Македонија, се претстави и со изложбата *Некрополите од Мали Дол,* на која за прв пат, пред јавноста беа презентирани археолошките наоди и реконструкции од гробовите од овој локалитет, наоди кои во иднина ќе ја надополнат нашата постојана поставка.

Како надополнување на меѓународниот научен симпозиум Kokino-Archaeological and astronomical aspects parallels and experience, кој го организираше Археолошкиот музеј на Македонија, беше отворена и изложба на фотографии *Кокино-мистичен шепот низ вечноста* на нашиот познат уметник Љупчо Илиевски.

- Меѓународна археолошка изложба *Накитот низ вековите од Република Македонија,* презентирана во Gallery MC- Њујорк, САД;
- Годишна археолошка изложба-*Капитални проекти во археологијата на Република Македонија (2006-2016)*/Домаќини и учеснисници во изложбата во соработка со УЗКН;
- Археолошка изложба-*Некрополите од Мали Дол*;
- Изложба на фотографии *Кокино-мистичен шепот низ вечноста*/домаќини на изложбата;
- Обезбедено учество во меѓународната археолошка изложба *Империите на верувањата* во Ashmolean Museum-Оксфорд, Англија 2017 година.

ЕДУКАТИВНА АКТИВНОСТ:

НУ Археолошки музеј на Македонија, води континуирана грижа за културната едукација на младите од предучилишна и училишна возраст, преку креативни, интересни и едноставни начини со цел да допреме до најмладите и да ја поттикнеме и подигнеме нивната културна свест истовремено запознавајќи ги со нивното культурно богатство, традиција и нивната уникатност и духовна вредност. Затоа, Музејот и оваа година ја продолжи традицијата на бесплатен влез за сите ученици и студенти секоја среда и четврток, но за најмладите направивме детска археолошка едукативна работилница- *Млади Археолози,* каде децата од предучилишна и училишна возраст ќе можат да ги совладаат основите на археологијата и начинот на теренско истражување, но и самите да пронаоѓаат однапред закопани наоди и истите да ги документираат, цртаат или изработат нивни глинени копии .

Со цел за полесно и креативно доближување на културното наследство до најмалите, беа направени и две интерактивни видеоигри, кои освен забавен карактер имаат за цел да ги истакнат нашите најважни археолошки артефакти и да го опишат историскиот период од кој потекнуваат.

Едукативната програма, освен во Археолошкиот музеј на Македонија се одвива и во неолитското село Тумба, Маџари, каде младите можат директно да видат и допрат реални реконструкции на предисториските/неолитски куќи, животни и начинот на живот во неолитскиот период.

Мора да истакнеме дека вистинско задоволство е и нашата соработка со основните и средните училишта, не само од Скопје туку и од градовите низ целата држава.

- *Млади Археолози*-Археолошка едукативна работилница за деца од предучилишна и училишна возраст, во состав на Археолошкиот музеј на Македонија со постојан едукативен програм;
- Посета и предавање на млади за животот во Неолитското село Тумба-Маџари;
- Едукативни археолошки видеоигри за деца-*Археологика*.

КУЛТУРНИ НАСТАНИ:

Како една од најважните задачи на музеологијата е промоција на културно наследство на својата држава и артефактите кои ги поседува секој Музеј. НУ Археолошки музеј на Македонија, оваа година со посебна гордост го организираше најголемиот меѓународен симпозиум во државата, *Кокино-Археолошки и астрономски аспекти, паралели и искуства*. Во истиот, земаа учество врвните светски имиња од областа како Клив Раглс од Англија, Горан Хенриксон од Шведска, Валериа Фол и Филип Михајлов од Бугарија и Александар Булатовиќ од Србија. Овој настан со сигурност го зголеми реномето на овој локалитет, но најважно неговите шанси да се најде на листата на UNESCO.

Нашиот Музеј, со задоволство беше домаќин и соработник на три предисториски конференции, кои ги организиравме во соработка со Центарот за истражување на предисторијата. Истовремено ги поддржавме и директно се вклучивме во најголемите меѓународни манифестации како *Бела Ноќ, Европски денови на културното наследство и Европска ноќ на Музеите,* но и во три наврати како домаќини на промоциите на делата од едицијата *Врвови на светската книжевност*.

- Меѓународен научен симпозиум Kokino-Archaeological and astronomical aspects parallels and experience/организатор на симпозиумот;
- Меѓународна конференција Prehistoric Wetlands and Lakes/ соработник на конференцијата;
- Археолошка конференција-*Неолит во Македонија II/* соработник на конференцијата;
- Меѓународна манифестација *Бела Ноќ*/ соработник на манифестацијата;
- Меѓународна манифестација *Европски денови на културното наследство*/соработник на манифестацијата;

- Меѓународна манифестација *Европска ноќ на Музеите* / соработник на манифестацијата;
- Традиционалната (шеста) Годишна манифестација *Културна манифестација Големата Мајка* во Неолитското село, Тумба Маџари/домаќин на манифестацијата;
- Предавање - *Неолитот во Русија* / соработник на настанот;
- Промоција на изданија од едицијата *Врвови на светската книжевност*/ домаќин на три настани.

КОНЗЕРВАЦИЈА:

НУ Археолошки музеј на Македонија, успешно реализираше два конзерваторски проекти, а започна со реализација и на трет. Истовремено нашите стручни лица, директно учествуваа како надзор или помош во реализација на десетина други конзерваторски проекти на музејските установите од целата Република. Дополнително, нашиот оддел за конзервација беше директно вклучен во нашите теренски истражувања со цел прелиминарна заштита на археолошките наоди кои беа откриени при истражувањата.

- Проект-*Конзервација и документација на античката нумизматичка при НУ Археололошки музеј на Македонија;*
- *Проект- Организација, конзервација и презентација на Збирката камена пластика и епиграфика на византиски, средновековен и османлиски период.*

ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ :

Оваа година, Археолошкиот музеј го промовираше својот Водич низ постојаната поставка, кој воедно претставува првиот археолошки Водич во самостојна Република Македонија на најголемата музејска Установа во државата по нешто повеќе од 40 години.

Истовремено нашите стручни лица беа автори или коавтори на десетина стручни текстови и публикации, но и редовни учесници на стручните симпозиуми и собири со финансиска поддршка од нашата Установа и Министерството за Култура на Р.М.

Покрај зголемениот библиотечен фонд на нашиот Музеј, во соработка со англиската фондација Кирил Трајковски, оваа година беше отворена и најголемата приватна археолошка библиотека во државата во состав на нашата Установа. Освен тоа што таа драстично го зголеми нашиот фонд, истата е отворена и за јавноста и нуди бесплатен пристап до сите најголеми електронски библиотеки и архиви во светот.

- *Водич низ постојаната поставка на Археолошки музеј на Македонија-* (македонско и англиско издание)

ОПШТЕСТВЕНА ПОДДРШКА:

И оваа година НУ Археолошки музеј на Македонија, активно соработуваше со граѓанскиот сектор, здруженијата, студентите, истражувачите и невладините организации, а за секоја своја активност и резултатите од истата, редовно ја информираше јавноста како ниедна друга културна установа. За тоа сведочат повеќе од стотина медиумски натписи и десетици интервјуа, но посебно задоволство ни претставуваше нашето учество во детската емисија Супер Ѕвезда, на тој начин доближувајќи ја археологијата и нашето културното богатство до најмладите.

Нашиот Музеј оваа година за прв пат организираше и Крводарителска акција под мотото *Вашата крв спасува живот,* во знак на солидарност со настраданите и жртвите од големите поплави во скопскиот и тетовскиот регион оваа година. Нејзината голема јавна поддршка и успех не охрабри да размислуваме за идни традиционални редовни крводарителски акции кои ќе ги обединат сите скопски музејски установи на едно едно место.

Истовремено искажавме јасна и јавна поддршка за *Светскиот Ден на предвремено породување, Меѓународниот ден на аутизмот, Меѓународниот ден на жената, Заблескај светлина на климатските промени и Светскиот ден на борба против хемофилија* со цел подигање на јавната свест во општеството на овие теми. И во иднина, со гордост ќе продолжиме да ги поддржуваме ваквите настани но и многу повеќе.

- Крводарителска акција *Вашата крв спасува живот;*
- Светски Ден на предвремено породување;
- Меѓународен ден на аутизмот;
- Меѓународен ден на жената;
- Заблескај светлина на климатските промени;
- Светски Ден на борба против хемофилија.

Весела Честоева

Директор